Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-688/1
19.11.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ ЗА 2021 ГОДИНА

в.д. Фатмир Арифи

ДелБр.__________

Датум:__________

(потпис)

Место:__________ (м.п.)

**Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

## Содржина


I Резиме - 2 -

II Анализа на ризици - 5 -

II.1. Анализа на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор - 7 -

II.2. Дефинирање на ризичните области - 10 -

II.3. Идентификување и утврдување на ризикот - 15 -

II.4. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот - 17 -

II.5.Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик - 18 -

II.6. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор - 18 -

III. Организација и раководење - 19 -

III.1. Правен статус на институцијата - 19 -

III.2. Раководство - 20 -

III.3. Надлежности - 20 -

III.4. Органзициска структура - 22 -

III .5. Дополнителен Табеларен приказ на предвидени и пополнети работни места и човечки ресурси - 23 -

III.6. Состојба со човечки ресурси - 24 -

IV. Инспекциски надзор - 26 -

V. Обука на инспекторите и административните службеници - 30 -

VI. Буџет и финасирање - 32 -

VII. Меѓународна соработка - 33 -

VIII. Други активности на инспекциската служба - 34 -

**Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

Врз основа на член 18 став (1) точка 3), член 26 став (1), точките 1) и 2) и член 33 од Законот за инспекциски надзор („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19) и Правилникот за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/19) Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам поднесува „Годишен план за 2021 година за работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам“ и истиот го доставува на разгледување и добивање на согласност од Председателот на Инспекцискиот совет.

## I Резиме

Годишниот план ја преставува нашата визија за наредната календарска година. Во неа се содржани активностите и задачите што ги поставивме пред себе согласно Закон за испекциски надзор.

Дел од задачите и активностите се продолжение или финализација на проектите кои ги започнавме а кои поради сложеноста и времетраењето не може да се комплетираат во една календарска година. Останатите активности кои ќе бидат започнати преставуваат нови проекти на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам чија цел е усогласување на националното законодовство од областа на градежништвото и урбанизмот со европското законодавство како и подобрување на квалитетот на услугите кои Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам им ги обезбедува на граѓаните.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врши инспекциски надзор на територијата на Република Северна Македонија и тоа директна надлежност за објекти од прва категорија и контрола на овластени градежни инспектори во Единиците на локална самоуправа (кои се надлежни за објекти од втора категорија), кои инспекциски надзор се спроведува согласно:

- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14. 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20) и прописите донесени врз основа на истиот закон
- Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/20) и прописите донесени врз основа на истиот закон;
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија бр.102/19) и прописите донесени врз основа на истиот закон ;
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и прописите донесени врз основа на истиот закон;

- Закон за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 56/09, 13/13, 156/15 и 193/15) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

**Анализа на ризици**. Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е на самиот почеток на воспоставување на процесот за управување со ризиците и врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор, донесе *Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори*, со архивски број 01-578/1 од 05.10.2020 година,со помош на консултант доделен од Инспекциски советот во рамките на проектот „*Поддршка за подобрување на ефикасноста на инспекциските служби*“, финансиски поддржан од Европската банка за обнова и развој, во компонентата која се однесува на изработка на Методологиите за проценка на ризик, со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се развива управувањето со ризици во самиот процес на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност.

**Организација и раководење.** Прикажан е правниот статус на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам раководството, надлежностите, организациската структура и состојбата со човечките ресурси (структура на вработените, нови вработувања и пензионирања и број на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието), податоците се прикажани во табеларни прегледи.

**Инспекциски надзор**. Проценката е извршена врз основа на стекнатата пракса при долгодишното вршење на инспекциски надзор во минатото во областите за кои е надлежен инспекторатот, законската регулатива и сл. изворите на информации и податоци за идентификување настанување на ризичните области досега ги користеше врз основа на вршење на инспекциски надзор, преставки, пријави, дојави од правни и физички лица, информации од здруженијана граѓани, медиуми, заклучоци на Влада на Република Северна Македонија, врз основа на добиените резултати од различни мониторинг програми, информации од други надлежни инспекторати и сл.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизамкако појдовни “критериуми за идентификување на субјекти“ се служи со наодите од извршените инспекциски надзори во изминатиот период како и регистрите (од областа на градежништвото и урбанизмот) кои се водат во Министерство затранспорт и врски.

**Обука на инспекторите и административните службеници.** Во согласност со член 50, став (1) од Законот за инспекциски надзор, директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, донесе Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2021 година со архивски број 01-136/5 од 15.09.2020 година. Поради здравствените и епидемиолошки услови кои ги наметнува состојбата со вирусот COVID-19, класичниот начин на организирање на обуки во училница, нема да се користи во текот на 2021 година.

**Буџет и финансирање.** Предлог буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам,е прикажан според главните категории на приходи и расходи меѓуоа истиот согласно член 30 од Законот за буџетите, Буџетот се носи најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

**Меѓународна соработка.** Државниот инспекторат за градежништво и урбанизамсо своето работење врши сложени, стручно оперативни и аналитички задачи и активности за поддршка на целокупниот процес на ЕУ интеграцијата.

**Други активности на инспекциската служба.** При вршење на работите Инспекторатот ги почитува начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон и информации поврзани со и за работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам во електронска форма на граѓаните им се достапни на страната (digu.gov.mk). Со цел е да се подобрат односите помеѓу администрацијата и граѓаните и да се обезбеди задоволство кај граѓаните од работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, донесе Граѓански дневник на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам (https://digu.gov.mk/граѓански-дневник), кој ќе одговори на барањата за решавање на проблемите со кои се среќаваат граѓаните во секојдневната,интеракција со институцијата која обезбедува јавни услуги. Граѓанскиот дневник претставува декларација со која органот/ите јавно се обврзува кон јавноста за стандардите на услугите кои ги даваат и едновремено им овозможува на граѓаните: лесен пристап до услугите кои нив лично ги засегаат и можност за оценка на дадените услуги. Заради широкиот спектар на законски овластувања и надлежности при своето работење Инспекторатот соработуваше со бизнис заедницата, здруженија на граѓани, образовни и научни институции и сите чинители кои можат да придонесат со своите активности за зголемување на транспарентноста.

## II Анализа на ризици

Основна задача на Државниот инспекторат за градежнитво и урбанизам е да ги идентификува субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и да преземе мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури. Законската рамка која се регулира во секторот за инспекциските надзор опфаќа спектар на закони и подзаконски акти со кои се уредува организацијата, надлежностите и постапката на вршење на надзор од страна на секој инспектор во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Менаџирањето на ризици, едноставно кажано, значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност. Ефективните принципи на менаџирање со ризици бараат прибирање и пристап до релевантни податоци, определување на ризикот врз основа на тие податоци и фокусирање на инспекциските активности кон најголемите ризици кои ќе се идентификуваат.

Заради тоа, управувањето со ризици е од исклучителна важност и претставува составен дел од секојдневното работење на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам. Тоа подразбира воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли, кои треба да се засноваат на идентификување на ризици, утврдување на степен на ризици при планирањето на инспекциските надзори, проценка на нивната веројатност и ефект/влијание, следење и оценка за ризиците како и утврдување на соодветни внатрешни мерки.

Управувањето со ризиците овозможува:
- донесување поквалитетни одлуки,
- подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси,
- согледувањена приоритетите, како и
- избегнување на идните проблеми кои можат да се појават при реализацијата на поставените цели.

Целта на управувањето со ризик е да ги доведе ризиците во Инспекторатот на прифатливо ниво со спроведување на мерки кои ќе ја ублажат веројатноста за настанување на ризикот и влијанието на реализацијата на ризик.

Ризиците се природен дел од секојдневните активности и не може да се избегнат, но може само да бидат управувани.

Тоа значи дека треба да се утврди одредено ниво на "прифатлив ризик" за секој конкретен случај во анализата. Прифатлив ризик е степенот на ризик што раководството е подготвено да го прифати во постигнувањето на своите цели.

Утврдувањето на ризикот вклучува лоцирање на потенцијалните ризици и причината за појавата на ризиците, како и потенцијалните последици од ризиците.

Според „Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик („ Службен весник на Република Северна Македонија" бр.247/2019), елементите за проценка на ризик се: тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици. Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на градежништвото и урбанизмот.

Како основ, при изготвување на Годишниот план за 2021 година, земени се податоци од месечните, полугодишните и годишните извештаи од областите за кои е надлежен Инспекторатот, законската регулатива и сл. Оттука, произлегува дека проценката на ризиците е извршена врз основа на два вида влезни информации за проценка на влијанието на ризикот и проценка на веројатноста за појавување на ризикот.

Зачестеноста на инспекциските надзори и ангажираните ресурси ќе бидат пропорционални со нивото на ризик и активностите на надзорот и ќе бидат насочени кон намалување на реалниот ризик наметнат со неправилностите во работата кај субјектите под надзор.

Зачестеноста на вршење на инспекциски надзор зависи од степенот на ризик на субјектот.

Под ризик се подразбираат штетните последици кои можат да настанат и да го загрозат јавниот интерес и безбедност, преку неправилното уредување, хуманизација, нарушување на природните и културните вредности на просторот како и работи од областа на градежништвото а се поврзани со изградба на градби од значење на Републиката.

Основни цели на управување со ризици е доследна примена на законите кои го уредуваат градењето како и примена на законот кој дозволува утврдување на статусот на безправно изградените објекти. Други цели се и постојана идентификација, оцена и контрола на ризиците во постапката на изработка,

донесување и спроведување на урбанистичките планови, како и користење на ресурсите за минимизирање на штетните последици по рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на простор, создавање и унапредување на услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лица со инвалидет, сочувување на квалитет и унапредување на животната средина и природа, справување со климатските промени, сочувување и заштита на недвижно културно наследство и безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Целите се остварливи со примена на начелата во градежништвото за изградбата на градбите кои се од значење на Републиката, а во урбанистичко планирање: преку интегрален начин во планирањето, грижа и развој на регионалните особености, остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес, јавност во постапката за изработка, донесување и спроведување на плановите, инклузивност и партиципативност во постапката, хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето, уважување на стручно утврдени факти и стандарди.

Работите на инспекциски надзор над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на истиот закон ги вршат градежни инспектори на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, кои се надлежни да вршат инспекциски надзор над градби од прва категорија. Градежниот инспектор при вршењето на инспекцискиот надзор проверува дали овластениот градежен инспектор при општината ги врши работите согласно со истиот закон.

Согласно Законот за урбанистичко планирање ДИГУ преку урбанистичките инспектори проверува дали постапките за изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови се спроведени согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него.

## II.1. Анализа на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор

Проценката на ризикот на субјектите се утврдува врз основа на соодветни посебни критериуми, како што следува: класификација на градби од значење на Републиката според намената, функционалните и структурните карактеристики и степенот на влијание врз животната средина, со оглед на ризиците поврзани со изградбата и работењето, кои се класифицирани по важност - енергетски, хидротехнички, транспорт, линиски, инфраструктурни, високоградба, културно наследство и други инженерски објекти. Проценката на ризик се утврдува и врз основа на: локации на објектот во изградба (заштитено подрачје во согласност со актот за заштита на природните или културните добра), видови, својства и количина на материјали што се користат при изградба на објекти, видови активности или активности на субјектот, отстапувања од одобрената техничка

документација врз основа на која се гради објектот, број на петиции на заинтересираната јавност за работата на субјектот, дејствија на субјектот, нивото на усогласеност на деловните активности со законот и другите прописи.

Ризични област во која се врши инспекцискиот надзор, се и урбанистичките планови односно нивната изработка, донесување и спроведување. Во нив се уредуваат границите на населените места и граници на планираните градби вон населените места, организација, намена, начин на употреба на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби во и вон границите на населените места, како и сообраќајната и секоја друга инфраструктура, заштита и уредување на животната средина, недвижното културно наследство и други аспекти на социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби. Ризикот се појавува и кај носители на овие урбанистички планови, тоа се група на субјекти составена од органите и тела надлежни за водење на постапката на изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови.

Областите и групи на субјекти каде се врши инспекциски надзор и областите на дејности се:

Области на дејности Групи субјекти во дејноста

А. Учесници во изградбата

1. Инвеститор
2. Изведувач
3. Надзор

Б. Урбанистички планови од државно значење

1. Министер за транспорт и врски

В. Урбанистички планови од локално значење

1. Градоначалник на град Скопје
2. Градоначалник на општина во град Скопје
3. Градоначалник на општина

Градежниот инспектор врши вонредни инспекциски надзори над изградба на градбите од прва категорија и ќе се обиде да ја процени методологијата на проценката на ризик на сите учесници при градењето.

Планот за инспекција, покрај задолжителните елементи, содржи и посебни барања за усогласување на плановите за инспекција од областа на изградбата на

објектите во рамките на државната администрација и задачите што им се доверени на единиците на локалната самоуправа и усогласувањето на плановите за инспекција со плановите на органите на државната управа. Градежниот инспектор е должен да изврши инспекциски надзор над изградба на градбата при добивање на известување за започнување со изградба и по проценка дали ќе се врши инспекциски надзор по изведена фаза во конструктивна смисла.

Урбанистичките планови од државно значење се изработуваат, донесуваат и спроведуваат од страна на Министерот за транспорт и врски, односно телата овластени од страна на Министер.

УППГДЗ се изработуваат за подрачја и градби од државно значење, инфраструктури и супраструктури од меѓународна, републичка, регионална и повеќе општинаска природа и стратешко значење за државата.

Вкупно : 1 Министерство

Урбанистичките планови од локално значење се изработуваат, донесуваат и спроведуваат од страна на Градоначалник на град Скопје, односно телата овластени од страна на Градоначалник.

Градоначалник на град Скопје донесува ГУП, урбанистички план од локално значење кој се донесува за населено место –град Скопје.

Вкупно : 1 општина

Урбанистичките планови од локално значење се изработуваат, донесуваат и спроведуваат од страна на Градоначалник на општини во град Скопје, односно телата овластени од страна на Градоначалник.

Градоначалник на општина во град Скопје донесува урбанистички план од локално значење: ДУП кој се донесува за плански опфат во рамките на ГУП кој служи за негова разработка и спроведување, УПС се донесува за подрачје на населено место-село и УПНМ се донесува за вон населено место за група на градби и комплекси, поголеми градби или инфраструктурни градби за опфат надвор од ГУП или УПС.

Вкупно : 10 општина

Урбанистичките планови од локално значење се изработуваат, донесуваат и спроведуваат од страна на Градоначалник на општина, односно телата овластени од страна на Градоначалник.

Градоначалник на општина донесува урбанистички план од локално значење: ГУП кој се донесува за населено место –град, ДУП кој се донесува за плански опфат во рамките на ГУП кој служи за негова разработка и спроведување, УПС се донесува за подрачје на населено место-село и УПНМ се донесува за вон населено место за група на градби и комплекси, поголеми градби или инфраструктурни градби за опфат надвор од ГУП или УПСВкупно : 60 општина

Основните информации за субјектите под надзор се дадени во Анекс 2 на оваа Методологија.

## II.2. Дефинирање на ризичните области

Предметот на инспекциски надзор се врши врз основа на веќе дефинирани ризични области воградежништвото и урбанизмот врз основа на одредени критериуми. Со вршење на квалитетни, ефикасни и ефективни инспекциски надзори се намалува ризикот од многу аспекти како на пример:

***<u>А. Градежништво - Субјекти – учесници во изградбата на објекти од прва категорија</u>***

**РИЗИК бр. 1**

Загрозен јавен интерес и безбедност

1. Основен елемент - ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

1.1 Специфичен елемент - ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

1.1.1 Критериум -Легалност на градба на инвеститорот

Индикатори

- Инвеститорот гради без одобрена техничка документација од надлежен орган
- Инвеститорот за градбата поседува одобрена техничка документација но гради спротивно од одобрената и
- Инвеститорот за градбата поседува одобрена техничка документација и гради согласно одобрената

1.1.2 Критериум - Вид на градба која ја гради субјектот (класификација на градби по важност

Индикатори

- Градби од значење на Републиката,Енергетски,Хидротехнички
- Транспорт,Линиски и
- Инфраструктурни,Високоградба,Културно наследство

1.2 Специфичен елемент - ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

1.2.1 Критериум - Субјекти кои работат на објекти по категории на значење

Индикатори

- Национално значење
- Регионално значење и
- Локално значење

2. Основен елемент - ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

2.1 Специфичен елемент - ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ

2.1.1 Критериум - Број на утврдени неправилности при претходни надзори

Индикатори

- во последните три години опоменети се 3 и повеќе пати
- во последните три години опоменати се два пати

- во последните три години опоменати се еднаш и
- не се најдени неправилности во последните три години.

2.1.2 Критериум - Субјектот ги отклонува неправилностите

Индикатори

- Не ги отклонува
- Ги отклонува со задоцнување и
- Ги отклонува навремено

2.2 Специфичен елемент- СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА

2.2.1 Критериум - Учесниците во изградбата ги спроведуваат законите од областа на градењето и урбанизмот

Индикатори

- Не ги почитуваат
- Делумно ги почитуваат и
- Ги почитуваат.

2.3 Специфичен елемент - СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР

2.3.1 Критериум - Внатрешен надзор на донесените одлуки

Индикатори

- Субјектот не применува системи за внатрешен надзор на донесените одлуки
- Субјектот има системи за внатрешен надзор на донесените одлуки но не ги применува и
- Субјектот има системи за внатрешен надзор на донесените одлуки и ги применува

2.4 Специфичен елемент - СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА

2.4.1 Критериум - Учесници во изградбата

Индикатори

- Инвеститор
- Изведувач и
- Надзор

2.5 Специфичен елемент - ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

2.5.1 Критериум - Стручност и квалифицираност на кадарот

Индикатори

- Воопшто не поседува потребни квалификувани кадри
- Има недоволно квалификувани кадри и
- Има потребен број на квалификувани кадри

2.5.2 Критериум - Поседување на соодветна опрема

Индикатори

- Не поседува соодветна опрема
- Опремата која ја поседува е делумно соодветна и
- Опремата која ја поседува е целосно соодветна.

***А. Градежништво - Субјекти – овластен градежен инспектор во општините***

**РИЗИК бр.1**

Непочитување на урбанистички планови и изградба на дивоградби

1. Основен елемент - ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

1.1 Специфичен елемент - ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

1.1.1 Критериум - Учество на % на бесправно изградени објекти во однос на вкупен број на постојните градби во определен опфат
Индикатори
- Бесправно изградените објекти учествуваат со висок процент од вкупниот број на постојните градби во определен опфат
- Бесправно изградените објекти учествуваат со низок процент од вкупниот број на постојните градби во определен опфат и
- Нема евидентирано бесправно изградени објекти.

1.1.2 Критериум - Барања за бесправно изградени објекти и определување на нивниот статус во последните три години
Индикатори
- Органите на општината го спроведуваат Законот за бесправно изградени објекти без да ги испочитуваат донесените управни акти од страна на овластениот градежен инспектор
- Органите на општината делумно ги почитуваат одредбите од Законот за градење и
- Органите на општината ги почитуваат одредбите од Законот за градење

1.1.3 Критериум - Број на решенија за отстранување на градби во последните три години
Индикатори
- Донесени решенија за отстранување на бесправно изградени објекти
- Донесени решенија за отстранување на помошни градби и урбана опрема и
- Спроведување во понатамошна управна постапка

1.1.4 Критериум - Соодност на бројот на донесени решенија за отстранување на градби со бројот на спроведени постапки во понатамошна управна постапка во последни 5 (пет) години
Индикатори
- Од 0-20%
- Од 21-50%
- Од 51- 85% и
- Преку 85%.

1.2 Специфичен елемент -ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

1.2.1 Критериум - Големина на општина
Индикатори
- Општина со преку 100.000 жители
- Општина со 30.000 до 100.000 жители

- Општина со 10.000 до 30000 жители и
- Општина со под 10.000 жители.

2. Основен елемент - ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

2.1.1 Критериум - Број на утврдени неправилности при претходни надзори

Индикатори

- Во последните три години задолжени се 3 и повеќе пати
- Во последните три години задолжени се два пати
- Во последните три години задолжени се еднаш и
- Не се најдени неправилности

2.1.2 Критериум - Субјектот ги отклонува неправилностите

Индикатори

- Не ги отклонува
- Ги отклонува со задоцнување и
- Ги отклонува навремено

2.2. Специфичен елемент - СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА

2.2.1 Критериум - Општината ги почитува одредбите од законот за градење

Индикатори

- Општината не ги почитува одредбите од законот
- Општината делумно ги почитува одредбите од законот и
- Општината ги почитува одредбите од законот

2.3. Специфичен елемент - СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР

2.3.1. Критериум - Внатрешен надзор на донесените одлуки

Индикатори

- нема системи за внатрешен надзор
- има системи за внатрешен надзор но не ги применува и
- има системи за внатрешен надзор и ги применува

2.4. Специфичен елемент - СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА

2.4.1. Вид на општина

Индикатори

- Урбана општина
- Рурална општина и
- Селска општина

2.5. Специфичен елемент - ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

2.5.1 Критериум - Стручност и квалификуваност на кадарот

Индикатори

- Градоначалникот нема назначено овластен градежен инспектор
- Општината има недоволен број овластени градежни инспектори и
- Градоначалникот има назначено овластен градежен инспектор.

Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

***Област А, Б УрбанизамНеправилности во постапка на изработка, донесување и спроведување на урбанистички планови***

## РИЗИК бр. 1

1. Основен елемент - ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

1.1 Специфичен елемент - ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

1.1.1 Критериум - Изработува и донесува планови

Индикатори

- Нема планови
- Недоволен број на планови( користи стари планови) и
- Има планови.

1.1.2 Критериум - Спроведување на урбанистички планови

Индикатори

- Не спроведува
- Делумно спроведува и
- Целосно спроведува.

1.2. Специфичен елемент - ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

1.2.1 Критериум - Опфат на урбанистички план

Индикатори

- Национално
- Главен Град
- Град и
- Село

2. Основен елемент - ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

2.1 Специфичен елемент - ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ

2.1.1 Критериум - Број на утврдени неправилности при претходни надзори

Индикатори

- 3 и повеќе неправилности во последните две години
- 2 неправилности во последните две години
- една неправилност во последните две години и
- не се најдени неправилности во последните две години.

2.1.2 Критериум - Тежина на утврдени неправилности при надзори во претходни 3 години

Индикатори

- Поднесени прекршочна пријави
- издадени решенија и
- издадени опомени.

2.1.3 Критериум - Преставки и предлози стигнати во ДИГУ

Индикатори

- над 5 преставки
- од 5-0 преставки и
- нема преставки

2.3 Специфичен елемент - СТАНДАРДИ И СТАНДАРДИЗАЦИСКИ ДОКУМЕНТИ

2.3.1 Критериум - Воспоставени системи за управување и внатрешна контрола

Индикатори

- нема системи
- има системи но не ги применува и
- има системи и ги применува.

2.4 Специфичен елемент - СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА

2.4.1 Критериум - Значење на урбанистички планови

Индикатори

- Урбанистички планови од државно значење и
- Урбанистички планови од локално значење.

2.5 Специфичен елемент - ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

2.5.1.Критериум - Број на вработени од областа на урбанизмот во субјектот

Индикатори

- 0 вработени
- 0-5 вработени и
- 5-10 вработени.

2.5.3 Критериум - Стручни квалификации на вработени во субјектот

Индикатори

НЕ поседува соодветно образование и квалификации

- Делумно поседува соодветно образование и квалификации и
- поседува соодветно образование и квалификации.

## II.3. Идентификување и утврдување на ризикот

Секој ризик се мери според утврдени критериуми и индикатори, фреквенција на инспекција врз основа на проценка на ризик и посебни елементи на планот за инспекција од областа на изградба на објектите. Критериумите се директно поврзани со ризикот и претставуваат показател преку што или преку која дејност на субјектот се определува висината на ризикот.

Индикаторите се опции кои подетално ги дефинираат критериумите и предвидуваат конкретни степени на квалитетот или обемот на одреден критериум. Се определуваонолкавброј на индикатори кој реално може да ја прикаже состојбата на одредениот критериум. За секој индикатор се доделуваопределен број на бодови. Бројот на бодови се утврдува од страна на стручните лица во инспекторатот кои преку распоредот на бодовите вршат рангирање на важноста на ризикот. Доделениот повисок број на бодови претставува и повисок степен на ризик.

По утврдувањето на бодовите за секој ризик и критериум, се собираат бодовите на природата и обемот на штетната последица и според матрицата се

утврдува степен на ризикот. Исто така, се доделуваат бодовите и за веројатноста за настанување на штетниот настан и се утврдува степен на ризикот кој се става во матрицата на ризици.

Секој од утврдените ризици во оваа методологија опфаќа 3 степени на ризик, и тоа:
Ниво 1 - низок степен на ризик
Ниво 2 - среден степен на ризик
Ниво 3 - висок степен на ризик

Вреднувањето на степенот на ризик се утврдува врз основа на матрицата на ризици 3x3, на чија хоризонтална оска се нанесуваат вредностите за степенот на тежина на штетните последици, а на вертикалната оска се нанесуваат вредностите за степенот на веројатност за случување на штетните последици. За потребите на матрицата 3x3, вкупните нумерички вредности на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици се сведува на опсег 1-3, односно се утврдуваат како степени и изнесуваат:

- 1 - низок
- 2 - среден и
- 3 - висок

Вредноста на проценетиот степен на ризик се добива се множење на нумеричките вредности на степените на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици може да изнесува:

- 1 или 2 - низок степен на ризик
- 3 или 4 - среден степен на ризик
- 6 или 9 - висок степен на ризик



Зачестеноста на спроведувањето на редовните инспекциски надзори кај одредени субјекти на надзор, зависи од утврдениот степен на ризик и тоа:

- При висок степен на ризик најмалку еден инспекциски надзор годишно,
- При среден степен на ризик најмалку еден инспекциски надзор во две години,
- При низок степен на ризик најмалку еден инспекциски надзор на три години.

Како можно решение за реализација на предвиденото, инспекциските служби може да утврдат процентуално учество на субјектите со одреден степен на проценет ризик кај кои ќе се планира вршење на редовен инспекциски надзор: 50% ќе бидат субјекти со висок ризик, 30% субјекти со среден ризик и 20% субјекти со низок ризик.

Зачестеноста на спроведувањето на редовните инспекциски надзори согласно оваа методологија се определуваат и според правилото дека секоја трета година секој субјект мора да биде инспектиран.

## II.4. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, изворите на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ги користи врз основа на вршење на инспекциски надзор, преставки, пријави, дојави од правни и физички лица на бесплатниот телефонски број, информации од здруженија, медиуми, заклучоци на Влада на Република Северна Македонија, врз основа на добиените резултати од различни мониторинг програми, информации од други надлежни инспекторати, податоци од интерни регистри.

Врз основа на анализирање и утврдувањето на ризикот, критериумите за утврдување на ризикот, потребата од координирани инспекциски надзор со други инспекциски служби, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е на самиот почеток на воспоставување на процесот за управување со ризиците и врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор, донесе *„Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори“* со архивски број 01-578/1 од 05.10.2020 година со помош на консултант доделен од Инспекциски советот во рамките на проектот *„Поддршка за подобрување на ефикасноста на инспекциските служби“*, финансиски поддржан од Европската банка за обнова и развој, во компонентата која се однесува на изработка на Методологиите за проценка на ризик, со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се

развива управувањето со ризици во самиот процес на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност.

Пристапот базиран на менаџирање со ризици се потпира на факторите на ризик кои произлегуваат од достапните податоци и информации кои се собрани при претходно извршените надзори. Колку повеќе ризик-фактори постојат, толку е поголема веројатноста да се пронајдат неправилности, што пак резултира со повисоко ниво на следење и надзор. Информациите за овие ризик фактори се прибираат од повеќе извори. Преку користење на ефективен начин на известување, кој се развива со насобраното искуство, инспекциската служба ќе биде во можност да ги насочи ресурсите онаму каде што е потребно поголемо внимание, како и да иницира посебни инспекциски надзори за одредени прашања, а кои се валидирани со проверка на (предметот).

Управувањето со ризиците, меѓу другото е алатка која им помага на раководните структури да ги предвидат променетите околности и да реагираат на нив.

## II.5.Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик

Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот. Според степенот, ризикот може да биде низок, среден и висок. Проценката на ризик вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори.

